РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 02.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3755/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:
Тони Јаревски
Betim Qeku

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ,
по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за електронските комуникации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 135/25 и 269/25), се уредуваат условите и начинот за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги во Република Северна Македонија.

Европската Унија во својата Стратегија за дигиталната декада постави амбициозни цели за целосно дигитално поврзано општество до 2030 година, вклучувајќи гигабитна инфраструктура и 5G покриеност за сите населени места. Остварувањето на оваа визија бара значителни инвестиции во мрежи со многу висок капацитет и регулаторно усогласување, особено за земјите во процес на пристапување кон Европската Унија, меѓу кои е и Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија постигна видлив напредок во дигиталната трансформација, со зголемен број електронски услуги, подобрувања во регулативата и активно учество во иницијативите на ЕУ, како што се Дигиталната агенда за Западен Балкан и регионалниот роаминг. Сепак, Европската комисија укажа дека е неопходно целосно усогласување со Европскиот законик за електронски комуникации, Директивата за намалување на трошоците за широкопојасни мрежи, НИС2 и 5G безбедносниот пакет, како и јакнење на независноста на регулаторите и подобрување на функционирањето на бројот 112.

Законот за електронските комуникации, чија основа потекнува од 2014 година, беше повеќепати изменуван за да се доближи до европското право. Во јуни 2025 година беше донесен нов Закон за електронските комуникации заради усогласување со Европскиот законик и Регулативата за гигабит инфраструктура. Сепак, по добиените коментари од Европската комисија, неопходно беше дополнително допрецизирање на одредени членови за да се постигне целосна усогласеност, поради што на крајот од 2025 година се направија дополнителни измени.

Сепак, дури и по овие измени Европската комисија укажа дека Законот за електронските комуникации и натаму содржи одредби за финансирањето на Оперативно-техничката агенција. Имено, определени активности на ОТА можат да се финансираат преку административни надоместоци наметнати на операторите, под услов тие да бидат објективни, транспарентни и пропорционални.

Ова се однесува на активности поврзани со воспоставување и спроведување на обврски за операторите во делот на законското следење на комуникациите, вршење стручен надзор, управување и одржување на посредничката инфраструктура, како и соработка со Агенцијата за електронски комуникации во делот на усогласување и известување. Притоа, мора да се обезбеди транспарентност преку годишно известување, а секоја разлика помеѓу наплатените надоместоци и реалните административни трошоци треба да се коригира преку соодветни прилагодувања, согласно со член 16 од Европскиот законик за електронски комуникации.

Поради тоа, потребно е дополнително прецизирање на законските одредби со цел јасно разграничување на активностите на ОТА кои можат да се финансираат преку административни надоместоци од активностите кои не се опфатени со режимот на

овластување согласно правото на Европската Унија и кои треба да се финансираат од други извори. Со ова ќе се обезбеди усогласеност со забелешките на Европската комисија, поголема транспарентност, пропорционалност на надоместоците и правна сигурност за операторите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со предложените дополнувања се обезбедува поголема правна сигурност, предвидливост и јасност во примената на одредбите што се однесуваат на финансирањето на активностите на Оперативно-техничката агенција поврзани со исполнување на обврските во областа на електронските комуникации.

Предлогот на Закон се заснова на начелата на транспарентност, пропорционалност и објективност. Во таа насока, административните надоместоци што ги плаќаат операторите треба да одговараат на реалните административни трошоци за активностите опфатени со режимот на овластување согласно правото на Европската Унија. Истовремено, се предвидува јасно следење и известување за наплатените средства и направените трошоци, со што се овозможува контрола врз оправданоста на надоместоците и нивно соодветно прилагодување.

Основното решение е прецизно разграничување на активностите на Оперативно-техничката агенција кои можат да се финансираат преку административни надоместоци од операторите од оние активности кои не се опфатени со режимот на Европскиот законик за електронски комуникации и треба да се финансираат од други извори. На овој начин се овозможува усогласување со член 16 од Европскиот законик за електронски комуникации, се спречува неоправдано финансиско оптоварување на операторите и се воспоставува поправична распределба на трошоците.

Со предложените решенија се зајакнува усогласеноста на домашното законодавство со европските стандарди, се подобрува финансиската дисциплина и отчетноста во користењето на средствата и се создаваат услови за поефикасно и поодговорно функционирање на системот на електронски комуникации во Република Северна Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за електронските комуникации нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за електронските комуникации нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на Закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 135/25 и 269/25), во член 31 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција, кој се доставува и објавува согласно со Законот за Оперативно-техничка агенција, задолжително содржи и посебен преглед на реално настанатите административни трошоци и расходи за намените утврдени со Законот за Оперативно-техничка агенција, во делот во кој тие се финансираат од средствата од овој член, како и на вкупниот износ на средствата исплатени согласно со овој член во претходната календарска година.

(4) Доколку врз основа на извештајот од ставот (3) на овој член, се утврди разлика меѓу средствата исплатени согласно со овој член и реално настанатите административни трошоци од ставот (3) на овој член, таа разлика се коригира преку соодветно прилагодување при исплатата на средствата во наредната година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за електронските комуникации е систематизиран во два члена.

Со членот 1 се прави дополнување на член 31 со два нови става, со кое се предвидува обврска за известување за наплатените и потрошените средства наменети за административни трошоци во согласност со Законот за Оперативно-техничка агенција, како и можност за нивна соодветна корекција во случај на утврдена разлика помеѓу наплатените средства и реално направените трошоци.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија се зајакнува усогласеноста на домашното законодавство со европските стандарди, се подобрува финансиската дисциплина и отчетноста во користењето на средствата и се создаваат услови за поефикасно и поодговорно функционирање на системот на електронски комуникации во Република Северна Македонија.

Со донесување на предложениот закон ќе се исполни чекор од Реформската агенда 2024-2027 и усогласување на националното законодавство со Европскиот законик за електронските комуникации.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

### Финансирање на Оперативно-техничката агенција

### Член 31

(1) Агенцијата е должна дел од средствата остварени од приходите од надоместоците утврдени во оваа глава да ги пренесе како средства наменети за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, заради обезбедување на соодветни финансиски, човечки и технички ресурси со цел Оперативно-техничката агенција да може да ги спроведе надлежностите утврдени со Законот за оперативно-техничка агенција и Законот за следење на комуникациите и тоа:

- 50% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата и
- 10% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата.

(2) Износите од ставот (1) на овој член Агенцијата е должна да ги исплати на Оперативно-техничката агенција најдоцна до 15 април во тековната година.